Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 12 април 2022 година

Скопје, април 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 април 2022 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, како и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Беким Сали, министер за здравство, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување на Записникот од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 март 2022 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Реформски план за Европската Унија
- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година – 30 јуни 2022 година

1. Информација во врска со примената на членот 36-а став 1 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции

2. Информација по Барање на Здружението на граѓани за социјален и економски развој Ин виво - Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог-решение

3. Информација по Барање на Песталоззи - Фондација детско село од Троген-Швајцарија, Подружница во Република Македонија - Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог-решение

4. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија)

5. Информација за текот на постапката за продажба на одземен недвижен имот, согласно Одлуката на Основниот суд Скопје 1, Скопје К. Бр. 809/05 од 17. 5. 2007 година, сопственост на Република Северна Македонија-корисник Агенција за управување со одземен имот (запишан во Имотен лист бр. 449 за КО Центар 1 на КП 8346/1, Имотен лист 98060 за КО Центар 1 на КП 8346/6, Имотен лист бр. 104180 за КО Центар 1 на КП 8346/7 и Имотен лист 112547 за КО Центар 1 на КП 8346/1), со Предлог-одлука

6. Годишен извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2021 година, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

8. Годишна сметка за 2021 година и Годишен извештај за работењето за 2021 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, со Предлог-одлуки

9. Информација за остварената средба со Здружението на граѓани „Поречки средби“ во насока на изнаоѓање взаемно прифатливо решение за режимот на транзитирање низ резерватот „Јасен“

10. Информација за потребата од донесување одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц. О. Скопје, со Предлог-одлука

11. Информација во врска Конечниот извештај за реализација на фаза 4 како последна евалуациона фаза од Договорот за продажба на деловни средства-објекти и уредување на меѓусебните односи во врска со начинот и роковите за исполнување на објавените услови на продавачот поврзани со продажбата ОДУ бр. 705/16 од 30. 5. 2016 година склучен помеѓу Република Македонија преку Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Друштвото за производство, трговија, транспорт, туризам и услуги Монтенегро Љубе и Јован експорт - импорт ДОО, со Предлог-одлука

12. Информација за донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

13. Годишна сметка на АД Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје за 2021 година, Годишен извештај за работењето на АД Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје за 2021 година, Годишен извештај на АД Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје за работата на внатрешна ревизија за период од 1 јануари 2020 до 31 декември 2021 година и Извештај за резултатите од контрола на Надзорен одбор над управување со Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје за 2021 година, со Предлог-одлука

14. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените во Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје за 2022 година

15. Информација за апликација на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје за инвестициски грант од ВБИФ за проектот „Ревитализација на големите хидроелектрани (ГХЕ) III фаза“, во сопственост на АД ЕСМ-Скопје

16. Предлог-одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Агенцијата за цивилно воздухопловство

17. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за начинот на утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви

18. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви

19. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

20. Информација во врска со потребата од обезбедување на дополнителни 100 милиони евра средства во вид на нова седма кредитна линија од ЕИБ за финансирање на МСП, MID-CAP проекти, приоритетни проекти и проекти за зелена транзиција согласно економските мерки на Владата на Република Северна Македонија за заштита на потрошувачите и компаниите од енергетската криза

21. Годишен извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2021 година

22. Годишен извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2021 година

23. Информација со барање за преземање мерки во врска со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ и Заштитениот предел „Малешево“

24. Информација за текот на активностите во врска со изработка на проектна документација за изградба на обиколницата на Тетово преку клучка Требош до Непроштено

25. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со Предлог-одлуки

26. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со Предлог-одлуки

27. Информација за преземените мерки и активности во врска со старите и неупотребливи моторни возила, со Предлог-одлука

28. Информација за иницијатива на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за измени и дополнување на Законот за индустриски – зелени зони

29. Информација за донесување на Статут на Јавната установа „Национален парк Шар Планина“, Тетово, со Предлог-одлука

30. Барање за предавање во владение на објекти од КП 486 и КП 487, во КО Скочивир, доставено од Општина Новаци, под бр. 03-153/2 од 11 февруари 2022 година

31. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје

32. Барање за давање на трајно користење на станбен простор и помошни простории сопственост на Република Северна Македонија во КО Росоман на К. П бр. 4615 на улица Маршал Тито, со Предлог-одлука

33. Информација за донесување на Одлука за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на Друштво за услуги, трговија и производство Велком трејд ДООЕЛ Кавадарци со намена Е2 - комунална супраструктура - бензинска пумпна станица со услужни центри, со Предлог-одлука

34. Предлог-закон за финансиската инспекција во јавниот сектор(*)

35. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка

36. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна надлежност

37. Информација за дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта (определување на државен пат - регионален пат Р29282, делница: Врска со Р2240-Вишни-Горна Белица-Вевчани (врска со Р2240), по барање и предлог на Општина Струга и Општина Вевчани, со Предлог-одлука

38. Информација за потреба од набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци

39. Информација за намалување на надоместоците за употреба на патиштата (патарините) во Република Северна Македонија до крајот на 2022 година, како антикризна мерка

40. Информација за потреба од склучување на анекс кон Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за периодот 2020–2022 година, со текст на Анекс број 1 кон Договорот

41. Информација за Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година, со Програмска рамка

42. Информација за донесено решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки за поништување на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“ бр. 40-9595/1 од 23 ноември 2021 година, со Предлог одлука

43. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 - Деве Баир – Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00 – км 10+424,89, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 0+480 до км 1+350, КО Кичево-вонград и КО Кичево 9, Општина Кичево, со Предлог-одлука

44. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани–Требеништа, на стационажа од км. 0+000,00 до км. 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечиште, од км. 5+920 – 6+120 КО Климештани, Општина Дебарца, со Предлог-одлука

45. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 - Деве Баир – Ќафасан, патна делница Песочани- Требениште, км 0+000,00 – км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 5+760 до км 5+920, КО Климештани, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

46. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00-км 10+424,89, за девијација на автопат А2 и косина на км 3+390 до км 8+918, КО Лавчани, Општина Кичево, со Предлог-одлука

47. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89 – км 22+246,05, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 11+480 до км 11+664, КО Лавчани, Општина Кичево со Предлог-одлука

48. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 - Деве Баир - Ќафасан, патна делница Подвис - Пресека, км 10+424,89 - км 22+246,05, за стабилизација на косина и санација на свлечиште на км 10+900 до км 11+311, КО Лавчани, Општина Кичево, со Предлог-одлука

49. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км. 10+424,89 - км. 22+246,05, за стабилизација на косини и санација на свлечишта од км. 21+020 до км. 21+210, КО Врбјани, Општина Дебрца со Предлог-одлука

50. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир – Ќафасан, патна делница Подвис – Пресека, од км 10+424,89 до км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 12+723-км 13+033, КО Душегубица, Општина Кичево, со Предлог-одлука

51. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина на км 7+620 до км 8+030, КО Подвис, Општина Кичево, со Предлог-одлука

52. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проектот за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина км 4+620 - км 4+990 КО Другово, Општина Кичево, со Предлог-одлука

53. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дололна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Автопат Деве Баир - Ќафасан, патна делница Подвис - Пресека, км 10+424,89 - км 22+246. 05, за стабилизација на косина на км 10+460 - км 10+645, КО Лавчани, Општина Кичево, со Предлог-одлука

54. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Деве Баир – Ќафасан, патна делница Пресека - Песочани, км 0+000,00 - км 11+498,62, вкупна стационажа км 33+744,67, за проширување на изградени косини, косина на стационажа од км 4+532,77 до км 5+263,98, КО Арбиново, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

55. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 - Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, од км 0+000 до км 12+698,72, за стабилизација на косина на км 3+380 - км 3+500, КО Ботун, Општина Дебарца, со Предлог-одлука

56. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 - Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани - Требениште, км 0+000,00 - км 12+698,72 за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 6+380 до км 6+680, КО Климештани и КО Мешеишта, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

57. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина км 6+140 - км 6+600 КО Добреноец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

58. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир – Ќафасан, патна делница Требеништа – Подмоље - Охрид, од км 0+000 до км 10+263,26, за стабилизација на косина на км 0+335 до км 0+740, КО Требениште, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

59. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Отовица, Општина Велес, со Предлог-одлука

60. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Урбанистички план за село Зубово за изградба на објекти со намена А-домување,Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институци, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Зубово- вон г. р. , КО Зубово, Општина Ново Село, со Предлог-одлука

61. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на железничка пруга Бељаковце-Крива Паланка, во рамките на изработката на проектна документација за Коридорот 8, КО Бељаковце, Општина Куманово, КО Ветуница, КО Опила, КО Ранковце, КО Љубанци, КО Гиновци, КО Петралица, КО Псача, КО Длабочица, КО Тлманци, Општина Крива Паланка и КО Коњух, КО Димовце, КО Шопско Рударе, КО Вакуф, КО Кетеново, КО Куклица, КО Крилатица, КО Талашманце, Општина Кратово, со Предлог-одлука

62. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kv далекувод ТС Штип-ТС Овче поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино-вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

63. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с. Љуботен Штип, со Предлог-одлука

64. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Перо Ристов ул. Методи Џунов - Џико бр. 60, Кавадарци, со Предлог-одлука

65. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија, на големо и мало, преработка, продажба и услуги увоз-извоз ДООЕЛ Деалтаск фреш Ресен ул. 29 Ноември бр. 1/13 Ресен, со Предлог-одлука

66. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговското друштво за туризам, угостителство, земјоделие и градежништво Здрава храна продукт ДООЕЛ с. Мислешево Струга, со Предлог-одлука

67. Информација за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Битола, Охрид, Ресен и Кичево, со Предлог-одлука

68. Информација за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарската општина Логоварди, Општина Битола, со Предлог-одлука

69. Информација за определување на надоместок на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари и над 3 хектари, согласно член 21 од Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), со Предлог-одлуки

70. Информација во врска со барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектична централа МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250, со текст на Анекс бр. 2 на Договор

71. Информација во врска со Барањето на концесионерот Биор енерги ДОО Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2, со текст на Анекс бр. 2 на Договор

72. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с. Бешиште, Општина Прилеп 13/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 286/21), со Извештај и Предлог-одлука

73. Информација во врска со изработката на Стратегијата за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини за период од 20 години, со Нацрт – договор

74. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци

75. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Бабаж

76. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен на Друштвото за производство, трговија и услуги ЏМП КОП Интернационал ДОО Скопје на локалитетот „Забрдо“, Општина Новаци

77. Предлог-одлука за еднострани раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок на локалитетот „Горна Лака“ с. Трстеник, Општина Росоман

78. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за намалување на увозните давачки - царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошки напредни производи

79. Предлог-одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати

80. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса претежно во Катастарската општина Трн, Општина Битола

81. Предлог-одлука за Дваесет и прва емисија на обврзници за денационализација

82. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

83. Информација за статусот на активностите по компоненти во рамките на проектот: „Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на Работната програма за Зелениот климатски фонд на Република Северна Македонија“, имплементиран од страна на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации, (ФАО), со особен осврт на процесот на Приоритизација на апликантите за потенцијални субјекти со директен пристап за Зелениот климатски фонд и издавање на писмо без приговор за национален субјект

84. Информација за добивање согласност за спроведување постапки за јавни набавки на мебел за опремување на новозакупените празни простории во Виена наменети за претстојното претседавање на Република Северна Македонија со ОБСЕ и набавка на најнеопходните возила за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, како и за реализацијата на капиталните расходи за потреби на Министерството за надворешни работи и дипломатско-конзуларните претставништва во услови на антикризните мерки

85. Информација со цел барање за измена на дадена согласност од Владата на Република Северна Македонија за преземање на повеќегодишни финансиски обврски преку измена на динамиката за повеќегодишно плаќање за Проширување, надградба и одржување на интегрираната платформа за Редослед на клиенти, Резервирај термин за услуга, Оцени го шалтерскиот службеник и нејзино проширување во институции кои ќе изразат интерес

86. Информација со цел барање за измена на дадена согласност од Владата на Република Северна Македонија за преземање на повеќегодишни финансиски обврски преку измена на динамиката за повеќегодишно плаќање за набавка на услуги за превентивно и адаптивно одржување на платформата за интероперабилност

87. Информација за одржување на системот „Централен регистар на население“

88. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 4275/1 КО Куманово)

89. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други орагани и организации што имаат јавни овластувања во периодот октомври-декември 2021 година

90. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка

91. Предлог-закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

92. Предлог-закон за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

93. Предлог-закон за изменување на Законот за акцизите, по итна постапка, поднесен од група пратеници

94. Барање за давање на автентично толкување на член 104 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Диме Велковски

95. Барање за давање на автентично толкување на член 106 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15), поднесено од пратениците Фадил Зендели и Бастри Бајрами

96. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

97. Барање за давање на автентично толкување на член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) поднесено од градоначалникот на Градот Скопје

98. Иницијатива од Весна Кочовска и Јосиф Перчинков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 19/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21)

99. Барање на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович - Државин“ за промена на Статут поради ребрендирање, со Одлука за промена на Статутот на Универзитетот и Одлука за започнување на постапка на ребрендирање на Универзитетот

100. Иницијатива поднесена од адвокатите Александар Ристески и Рајна Наумовска-Марковска, двајцата од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 24/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/2021), во целина и посебно негови одредби

101. Иницијатива поднесена под У. бр. 22/2022, од Гранскиот независен синдикат на полицијата, за оценување на уставноста на член 14 став 2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20)

102. Понуда од нотар Методија Ристоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 70483 за КО Маџари, КП бр. 311, викано место/улица Жан Жорес

103. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3496 за Ѓорче Петров 4-Влае, на КП бр. 6175, викано место ул. Косовска

104. Понуда од нотар Јасмина Карталова - Баснаркова од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 452 за КО Копачин Дол, на КП бр. 1125 дел 2, викано место/улица Теќепе

105. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2566, за КО Чаир, на КП бр. 3023, викано место/улица 208

106. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 96083, за КО Ѓорче Петров 2- Мирче Ацев, на КП бр. 13525/2 и КП бр. 5427/1

107. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 28468, за КО Сингелиќ 2, на КП бр. 2452, викано место/улица Х. Жефаровиќ

108. Понуда од нотар Елена Ристовска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 818, за КО Радање, на КП бр. 2374 викано место/улица Село

109. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје, за размена на недвижен имот-идеален дел од КП 9759, КО Ѓорче Петров 6, евидентирано во Имотен лист 96515 и идеален дел од КП 9760, КО Ѓорче Петров 6 евидентирано во Имотен лист 93572

110. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1964, за КО Стајковци, КП бр. 77, викано место/улица Куќа

111. Понуда од нотар Сихана Зибери - Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4426, за КО Бутел, на КП бр. 1726, викано место/улица Шуто Оризари

112. Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид за Налог за извршување врз недвижност, запишана на ИЛ. бр. 13321 за КО Охрид 2, доставена под И. бр. 124/2015

113. Кадровски прашања

114. Прашања и предлози

115. Извештај за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2021 година

116. Годишен извештај за работа на инспекциските служби за 2021 година

117. Годишен извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведување на одредбите од Законот за административни службеници, како и на прописите донесени врз основа на Законот во 2021 година

118. Информација во врска со Главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2021 година за аеродромите во Скопје и Охрид

119. Годишен извештај за работа на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2021 година

120. Информација во врска со постапување по Извадокот од Нацрт- записникот од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8. 2. 2022 година бр. 41-892/1 и 41-1053/1, со дополнување

121. Информација во врска со Извадокот од Нацрт-записникот од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година бр. 41-892/1 и 41-1053/1 од 8 февруари 2022 година

122. Извештај за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2021 година

123. Годишен извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2021 година

124. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1 октомври 2021 година до 31 декември 2021 година

125. Извештај за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во Договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов, за периодот јули - декември 2021 година

126. Извештај за работата на Информативното тело формирано согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Северна Македонија за Светската трговска организација

127. Записник од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 11 април 2022 година, со записници од состаноците на Комисијата за заразни болести, одржани на 30 март 2022 година и 6 април 2022 година

128. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка - царинската стапка за увоз на масло од сончоглед за јадење

129. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/429 на Советот од 15 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/427 на Советот од 15 март 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

130. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/430 на Советот од 15 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/428 на Советот од 15 март 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина (нов текст) и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/430 на Советот од 15 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/428 на Советот од 15 март 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

131. Информација во врска со барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка

132. Извештај за завршени преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Косово во врска со соработка во полето на одбраната и безбедноста, со усогласен текст на Меморандум

133. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/411 на Советот од 10 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/408 на Советот од 10 март 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

134. Предлог-решение за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Измир

135. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Измир

136. Информација за потреба од добивање согласност по однос на Предлог-одлуката за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата, со Предлог-одлука

137. Придонес кон Извештајот од Европската комисија

138. Информација во врска со привремено изнесување на уметничко дело од НУ Национална галерија на Република Северна Македонија во Република Србија, со дополнување

139. Информација во врска со Барање за произнесување и доставување на надлежност - Претставка од правното лице Твинс интернационал ДООЕЛ Куманово преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

140. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки

*

*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 март 2022 година.

*

*    *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Реформски план за ЕУ**

Владата не расправаше по Реформскиот план за Европската Унија.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година – 30 јуни 2022 година**

Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за изменување на Законодавната агенда, го прифати и заклучи да се измени Законодавната агенда и тоа:

- Предлог-законот за ревизија, рокот за доставување наместо февруари 2022 година да биде јуни 2022 година;

- Предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за изградба на автопатска делница Скопје - Блаце, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, рокот за доставување, наместо март 2022 година да биде април 2022 година;

- Предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот Рехабилитација на ХЕЦ фаза 3, кој ќе се склучи меѓу КфВ и АД ЕСМ Скопје, рокот за доставување, наместо март 2022 година да биде втора половина на 2022 година;

- Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот Интегриран информациски систем за управување со финансии, рокот за доставување наместо, април 2022 година да биде мај 2022 година;

- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, рокот за доставување наместо, април 2022 година да биде јуни 2022 година и

- Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем за рехабилитација на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3 – делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија, рокот за доставување наместо јуни 2022 година да биде крајот на втората половина на 2022 година.

Согласно овој заклучок, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1. 1. 2022-30. 6. 2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1. 1. 2022-30. 6. 2022 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со примената на членот 36-а став 1 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања .

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање на Здружението на граѓани за социјален и економски развој Ин виво - Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за доделување статус на организација од јавен интерес за дејноста заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување на Здружението на граѓани за социјален и економски развој Ин виво - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање на Песталоззи - Фондација детско село од Троген-Швајцарија, Подружница во Република Македонија - Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за доделување статус на организација од јавен интерес на Песталоззи Фондација детско село од Троген-Швајцарија Подружница во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за текот на постапката за продажба на одземен недвижен имот, согласно Одлуката на Основниот суд Скопје 1 Скопје К. Бр. 809/05 од 17. 5. 2007 година, сопственост на Република Северна Македонија-корисник Агенција за управување со одземен имот (запишан во Имотен лист бр. 449 за КО Центар 1 на КП 8346/1, Имотен лист 98060 за КО Центар 1 на КП 8346/6, Имотен лист бр. 104180 за КО Центар 1 на КП 8346/7 и Имотен лист 112547 за КО Центар 1 на КП 8346/1), со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за продажба на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за правда да подготви и во рок од 90 дена до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

## Точка 6

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2021 година, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата заклучи Годишната сметка за 2021 година и Годишниот извештај за работењето за 2021 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, со Предлог-одлуки, да се разгледаат на наредната седница на Владата.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за остварената средба со Здружението на граѓани „Поречки средби“ во насока на изнаоѓање взаемно прифатливо решение за режимот на транзитирање низ резерватот „Јасен“, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да ги промени таблите за термините за движење во летниот и зимскиот период и да постави заштитна мрежа покрај патот каде што се одроните.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје Ц. О, задолжително и редовно да го чисти патот од одрони, снежни наноси и слично и истиот редовно да го одржува и санира од поголеми оштетувања и дупки.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц. О. Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц. О. Скопје, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска Конечниот извештај за реализација на фаза 4 како последна евалуациона фаза од Договорот за продажба на деловни средства-објекти и уредување на меѓусебните односи во врска со начинот и роковите за исполнување на објавените услови на продавачот поврзани со продажбата ОДУ бр. 705/16 од 30. 5. 2016 година склучен помеѓу Република Македонија преку Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Друштвото за производство, трговија, транспорт, туризам и услуги Монтенегро Љубе и Јован експорт - импорт ДОО, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за бришење на прибелешките за правото на реален товар, во предложениот текст.

2. Се задолжува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје во корелација со Друштвото за производство, трговија,транспорт, туризам и услуги Монтенегро Љубе и Јован експорт-импорт ДОО да ги превземе сите мерки во негова надлежност предвидени во склучениот Договор и позитивните законски прописи за целосна реализација на склучениот Договор.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата по Годишната сметка на АД Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје за 2021 година, Годишниот извештај за работењето на АД Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје за 2021 година, Годишниот извештај на АД Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје за работата на внатрешна ревизија за период од 1 јануари 2020 до 31 декември 2021 година и Извештајот за резултатите од контрола на Надзорен одбор над управување со Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје за 2021 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје, за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените во Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје за 2022 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да ја усогласи истата со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за апликација на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје за инвестициски грант од ВБИФ за проектот „Ревитализација на големите хидроелектрани (ГХЕ) III фаза“, во сопственост на АД ЕСМ-Скопје, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија во државна сопственост“-Скопје да подготви и достави ВБИФ апликација за инвестициски грант за проектот „Ревитализација на големите хидроелектрани (ГХЕ) III фаза“ до Министерството за финансии, Министерството за економија и Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Министерството за финансии во рок од пет дена по добивање на ВБИФ апликацијата за инвестициски грант за проектот „Ревитализација на големите хидроелектрани (ГХЕ) III фаза“, да подготви писмо за поддршка до Европската комисија и меѓународните финансиски институции и истото да го проследи до Секретаријатот за европски прашања, Министерството за економија и Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија во државна сопственост“-Скопје.

3. Се задолжува Министерството за економија во рок од пет дена по добивање на ВБИФ апликацијата за инвестициски грант за проектот „Ревитализација на големите хидроелектрани (ГХЕ) III фаза“, да подготви и достави позитивно мислење до Секретаријатот за европски прашања и Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија во државна сопственост“- Скопје.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања веднаш по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии и позитивното мислење од Министерството за економија да ја поднесе ВБИФ апликацијата за инвестициски грант за проектот „Ревитализација на големите хидроелектрани (ГХЕ) III фаза“.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Агенцијата за цивилно воздухопловство, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од обезбедување на дополнителни 100 милиони евра средства во вид на нова седма кредитна линија од ЕИБ за финансирање на МСП, MID-CAP проекти, приоритетни проекти и проекти за зелена транзиција согласно економските мерки на Владата на Република Северна Македонија за заштита на потрошувачите и компаниите од енергетската криза и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Развојна банка на Северна Македонија, во соработка со Министерството за финансии, да се обрати до Европската инвестициона банка, со барање за добивање на нова седма кредитна линија во износ од 100 милиони евра, обезбедена со државна гаранција, наменета за финансирање на МСП, MID-CAP проекти, приоритетни проекти и проекти за зелена транзиција согласно економските мерки на Владата на Република Северна Македонија за заштита на потрошувачите и компаниите од енергетската криза. Од овие средства максимум 30% ќе бидат наменети за финансирање на проекти за зелена транзиција и минимум 70% за финансирање на МСП, MID-CAP проекти и приоритетни проекти.

2. Се укажува на Развојна банка на Северна Македонија да ја започне постапката за добивање на согласност од Министерството за финансии за задолжување обезбедено со државна гаранција.

**Точка 21**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Годишниот извештај за работата на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија за 2021 година.

**Точка 22**

Владата го разгледа и усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2021 година.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата со барање за преземање мерки во врска со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ и Заштитениот предел „Малешево,“ ја усвои Информацијата и го задолжи Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национали шуми“- П. О Скопје, до донесување на Планот за управување активните економски субјекти на подрачјето на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ и Заштитениот предел „Малешево“ да продолжи да ги врши активностите во согласност со претходно добиените дозволи, лиценци, склучени договори и утврдени планови за работа, во согласност со зонирањето на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ и Заштитениот предел „Малешево“.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите во врска со изработка на проектна документација за изградба на обиколницата на Тетово преку клучка Требош до Непроштено и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:
1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да го разгледа склучениот Договор за јавно приватно партнерство, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Нормак инвестмент гроуп АД Тетово кој е концесионер на ТИРЗ Тетово и да пристапи кон измена и усогласување на истиот, согласно Барањето на Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје за потребите за изработка на проектната документација за изградба на обиколница на Тетово преку клучка Требош до Непроштено.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да предложи согласно важечката легислатива, на кој начин и тип на план ќе се водат постапките за усогласување на идниот опфат на клучка Требош и сегашниот опфат на ТИРЗ Тетово кој треба да претрпи измена.

3. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје да обезбеди финансиски средства за изработка на плановите кои ќе следат согласно препораките кои ќе произлезат од точка 2.

4. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Министерството за транспорт и врски, во текот на изработката на планската документација да се координираат и секој од нив да го даде својот придонес согласно надлежностите, особено поради потребата од донесување на соодветна планска документација согласно со Законот за технолошки индустриски развојни зони и Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со Предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи, во предложениот текст.
2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, во предложениот текст.
3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со Предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за индустриска сопственост, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за администрација, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, во предложениот текст.

5. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна научна установа Институт за национална историја – Скопје, во предложениот текст.

6. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна научна установа Институт за македонски јазик ,,Крсте Мисирков“ – Скопје, во предложениот текст.

7. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна научна установа Институт за македонска литература – Скопје, во предложениот текст.

8. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна научна установа Институт за фолклор ,,Марко Цепенков“ – Скопје, во предложениот текст.

9. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна научна установа Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, во предложениот текст.

10. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна научна установа Институт за старословенска култура – Прилеп, во предложениот текст.

11. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна научна установа Хидробиолошки завод – Охрид, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземените мерки и активности во врска со старите и неупотребливи моторни возила, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за иницијатива на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за измени и дополнување на Законот за индустриски - зелени зони и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во рок од 45 дена да изготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски – зелени зони.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Статут на Јавната установа „Национален парк Шар Планина“, Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната установа „Национален парк Шар Планина“, Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата го одложи од разгледување Барањето за предавање во владение на објекти од КП 486 и КП 487, во КО Скочивир, доставено од Општина Новаци, под бр. 03-153/2 од 11 февруари 2022 година, поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење по материјалот, откако ќе се исполнат условите за тоа.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 31

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го разгледа Барањето за давање на трајно користење на станбен простор и помошни простории сопственост на Република Северна Македонија во КО Росоман на К. П бр. 4615 на улица Маршал Тито, со Предлог-одлука и условно го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Росоман, во предложениот текст доколку Агенцијата за катастар и недвижности достави ново позитивно мислење по истата.

Истовремено, се задолжува Агенцијата за катастар и недвижности во рок од три дена да достави мислење по материјалот.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на Друштво за услуги, трговија и производство Велком трејд ДООЕЛ Кавадарци со намена Е2 - комунална супраструктура - бензинска пумпна станица со услужни центри, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за финансиската инспекција во јавниот сектор(*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за финансиската инспекција во јавниот сектор(*), согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и м-р Татјана Трајковска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Владимир Шутев, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 36**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-уредбата за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна надлежност за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта (определување на државен пат - регионален пат Р29282, делница: Врска со Р2240-Вишни-Горна Белица-Вевчани (врска со Р2240), по барање и предлог на Општина Струга и Општина Вевчани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарции ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во координација со Министерството за здравство, до 15 април 2022 година да го дефинираат начинот на спроведување на превентивната дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја спроведе постапката за набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци.

3. Обезбедувањето на средства и исплаќањето на преземените обврски ќе се врши со финансиски средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година.

**Точка 39**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за намалување на надоместоците за употреба на патиштата (патарините) во Република Северна Македонија до крајот на 2022 година, како антикризна мерка.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од склучување на анекс кон Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за периодот 2020–2022 година, со текст на Анекс број 1 кон Договорот, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

- Се овластува министерот за транспорт и врски, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Анексот број 1 кон Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од трошоците при давање на услугата, за периодот 2020–2022 година.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година, со Програмска рамка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја прифати Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година.

2. Го овласти Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја потпише Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во тесна соработка со ФАО, на секои шест месеци да ја информира Владата за напредокот на имплементацијата на Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесено решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки за поништување на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“ бр. 40-9595/1 од 23 ноември 2021 година, со Предлог одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 - Деве Баир – Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00 – км 10+424,89, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 0+480 до км 1+350, КО Кичево-вонград и КО Кичево 9, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 - Деве Баир – Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00 – км 10+424,89, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 0+480 до км 1+350, КО Кичево-вонград и КО Кичево 9, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани–Требеништа, на стационажа од км. 0+000,00 до км. 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечиште, од км. 5+920 – 6+120 КО Климештани, Општина Дебарца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани – Требеништа, на стационажа од км. 0+000,00 до км. 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечиште, од км. 5+920 – 6+120 КО Климештани, Општина Дебарца, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 - Деве Баир – Ќафасан, патна делница Песочани- Требениште, км 0+000,00 – км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 5+760 до км 5+920, КО Климештани, Општина Дебрца, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 - Деве Баир – Ќафасан, патна делница Песочани- Требениште, км 0+000,00 – км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 5+760 до км 5+920, КО Климештани, Општина Дебрца, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 46

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00-км 10+424,89, за девијација на автопат А2 и косина на км 3+390 до км 8+918, КО Лавчани, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00-км 10+424,89, за девијација на автопат А2 и косина на км 3+390 до км 8+918, КО Лавчани, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89 – км 22+246,05, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 11+480 до км 11+664, КО Лавчани, Општина Кичево со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89 – км 22+246,05, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 11+480 до км 11+664, КО Лавчани, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 - Деве Баир - Ќафасан, патна делница Подвис - Пресека, км 10+424,89 - км 22+246,05, за стабилизација на косина и санација на свлечиште на км 10+900 до км 11+311, КО Лавчани, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 - Деве Баир - Ќафасан, патна делница Подвис - Пресека, км 10+424,89 – км 22+246,05, за стабилизација на косина и санација на свлечиште на км 10+900 до км 11+311, КО Лавчани, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км. 10+424,89 - км. 22+246,05, за стабилизација на косини и санација на свлечишта од км. 21+020 до км. 21+210, КО Врбјани, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изменување и дополнување на проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89 – км 22+246,05, за стабилизација на косини и санација на свлечишта од км 21+020 до км 21+210, КО Врбјани, Општина Дебрца, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир – Ќафасан, патна делница Подвис – Пресека, од км 10+424,89 до км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 12+723-км 13+033, КО Душегубица, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир – Ќафасан, патна делница Подвис – Пресека, од км 10+424,89 до км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 12+723-км 13+033, КО Душегубица, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина на км 7+620 до км 8+030, КО Подвис, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина на км 7+620 до км 8+030, КО Подвис, Општина Кичево, доколку Агенцијата за катастар на недвижности позитивно се произнесе по материјалот.

Исто така, мислење по материјалот да достави, Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 52**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проектот за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина км 4+620 - км 4+990 КО Другово, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проектот за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина км 4+620 - км 4+990 КО Другово, Општина Кичево, доколку Агенцијата за катастар на недвижности достави позитивно мислење по материјалот.

**Точка 53**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дололна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Автопат Деве Баир - Ќафасан, патна делница Подвис - Пресека, км 10+424,89 - км 22+246. 05, за стабилизација на косина на км 10+460 - км 10+645, КО Лавчани, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дололнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Автопат Деве Баир - Ќафасан, патна делница Подвис - Пресека, км 10+424,89 - км 22+246. 05, за стабилизација на косина на км 10+460 - км 10+645, КО Лавчани, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 54

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Деве Баир – Ќафасан, патна делница Пресека - Песочани, км 0+000,00 - км 11+498,62, вкупна стационажа км 33+744,67, за проширување на изградени косини, косина на стационажа од км 4+532,77 до км 5+263,98, КО Арбиново, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Деве Баир – Ќафасан, патна делница Пресека - Песочани, км 0+000,00 - км 11+498,62, вкупна стационажа км 33+744,67, за проширување на изградени косини, косина на стационажа од км 4+532,77 до км 5+263,98, КО Арбиново, Општина Дебрца, во предложениот текст.

## Точка 55

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 - Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, од км 0+000 до км 12+698,72, за стабилизација на косина на км 3+380 - км 3+500, КО Ботун, Општина Дебарца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 - Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, од км 0+000 до км 12+698,72, за стабилизација на косина на км 3+380 - км 3+500, КО Ботун, Општина Дебарца, доколку Агенцијата за катастар на недвижности достави позитивно мислење по истата.

## Точка 56

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 - Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани - Требениште, км 0+000,00 - км 12+698,72 за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 6+380 до км 6+680, КО Климештани и КО Мешеишта, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 - Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани - Требениште, км 0+000,00 - км 12+698,72 за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 6+380 до км 6+680, КО Климештани и КО Мешеишта, Општина Дебрца со заклучок предлагачот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 57

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина км 6+140 - км 6+600 КО Добреноец, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина км 6+140 - км 6+600 КО Добреноец, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 58

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир – Ќафасан, патна делница Требеништа – Подмоље - Охрид, од км 0+000 до км 10+263,26, за стабилизација на косина на км 0+335 до км 0+740, КО Требениште, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир – Ќафасан, патна делница Требеништа – Подмоље - Охрид, од км 0+000 до км 10+263,26, за стабилизација на косина на км 0+335 до км 0+740, КО Требениште, Општина Дебрца, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Отовица, Општина Велес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Отовица, Општина Велес, во предложениот текст.

## Точка 60

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Урбанистички план за село Зубово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Зубово- вон г. р. , КО Зубово, Општина Ново Село, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Зубово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Зубово-вон г. р. , КО Зубово, Општина Ново Село, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на железничка пруга Бељаковце-Крива Паланка, во рамките на изработката на проектна документација за Коридорот 8, КО Бељаковце, Општина Куманово, КО Ветуница, КО Опила, КО Ранковце, КО Љубанци, КО Гиновци, КО Петралица, КО Псача, КО Длабочица, КО Тлманци, Општина Крива Паланка и КО Коњух, КО Димовце, КО Шопско Рударе, КО Вакуф, КО Кетеново, КО Куклица, КО Крилатица, КО Талашманце, Општина Кратово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за железничка пруга Бељаковце-Крива Паланка, во рамките на изработката на проектна документација за коридорот 8, КО Бељаковце, Општина Куманово, КО Ветуница, КО Опила, КО Ранковце, КО Љубанци, КО Гиновци, КО Петралица, КО Псача, КО Длабочица, КО Тлманци, Општина Крива Паланка и КО Коњух, КО Димовце, КО Шопско Рударе, КО Вакуф, КО Кетеново, КО Куклица, КО Крилатица, КО Талашманце, Општина Кратово, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kv далекувод ТС Штип-ТС Овче поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино-вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да достави позитивно мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 63

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с. Љуботен Штип, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Перо Ристов ул. Методи Џунов - Џико бр. 60, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 65

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија, на големо и мало, преработка, продажба и услуги увоз-извоз ДООЕЛ Деалтаск фреш Ресен ул. 29 Ноември бр. 1/13 Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговското друштво за туризам, угостителство, земјоделие и градежништво Здрава храна продукт ДООЕЛ с. Мислешево Струга, со Предлог -одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 67

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Битола, Охрид, Ресен, и Кичево, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Охрид, Ресен, Битола и Кичево, во предложениот текст.

## Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарската општина Логоварди, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарската општина Логоварди, Општина Битола, во предложениот текст.

## Точка 69

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за определување на надоместок на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари и над 3 хектари, согласно член 21 од Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), со Предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство, а Министерството за финансии да достави мислење по истиот.

Материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелективна централа МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250, со текст на Анекс бр. 2 на Договорот, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент, да склучи Анекс бр. 2 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250, бр. 11-795/1 од 30. 1. 2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијално работење до 4 октомври 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250, најмалку до 2 декември 2022 година.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Биор енерги ДОО Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2, со текст на Анекс бр. 2 на Договорот, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент, да склучи Анекс бр. 2 кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ Речица 2 со бр. 11-2171/1 од 27. 3. 2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 12 септември 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Биор енерги ДОО Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот најмалку до 11 ноември 2022 година.

## Точка 72

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с. Бешиште, Општина Прилеп 13/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 286/21), со Извештај и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања 13/2021, во предложениот текст.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изработката на Стратегијата за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини за период од 20 години, со Нацрт - договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за економија да го потпише Нацрт-договорот за изготвување Стратегија за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини со Македонската академија на науките и уметностите.

2. Се задолжува Министерството за економија да предвиди средства за реализација на Нацрт – договорот за изготвување стратегија за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини, во Предлог – буџетот за 2023 година.

**Точка 74**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен на Друштвото за производство, трговија и услуги ЏМП КОП Интернатионал ДОО Скопје на локалитетот „Забрдо“, Општина Новаци, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски и Управата за заштита на културното наследство.

**Точка 77**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок на локалитетот „Горна Лака“ с. Трстеник, Општина Росоман, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за намалување на увозните давачки - царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошки напредни производи и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерство за финансии - Царинска управа.

**Точка 79**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за забрана на продажба на одделни нафтени деривати, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса претежно во Катастарската општина Трн, Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за Дваесет и прва емисија на обврзници за денационализација, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на активностите по компоненти во рамките на проектот: „Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на Работната програма за Зелениот климатски фонд на Република Северна Македонија“, имплементиран од страна на Организацијата за храна и земјоделство на Обединентите нации, (ФАО), со особен осврт на процесот на Приоритизација на апликантите за потенцијални субјекти со директен пристап за Зелениот климатски фонд и издавање на писмо без приговор за национален субјект и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го овласти Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во улога на национално контакт лице во рамките на Национално назначениот орган кон Зелениот климатски фонд, да го потпише писмото без приговор, со кое Фондот за иновации и технолошки развој ќе биде национално тело кое ќе ги отпочне активностите за акредитација за директен пристап на средства од Зелениот климатски фонд.

2. Се назначува Сандра Андовска, советник за одржлив развој во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, како дел од Национално назначениот орган да биде техничко контакт лице кон Зелениот климатски фонд (technical focal point).

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од седум дена да го извести Зелениот климатски фонд за назначувањето на Сандра Андовска како техничко контакт лице (technical focal point).

## Точка 84

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за добивање согласност за спроведување постапки за јавни набавки на мебел за опремување на новозакупените празни простории во Виена наменети за претстојното претседавање на Република Северна Македонија со ОБСЕ и набавка на најнеопходните возила за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, како и за реализацијата на капиталните расходи за потреби на Министерството за надворешни работи и дипломатско-конзуларните претставништва во услови на антикризните мерки, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Министерството за финансии и потоа истата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата со цел барање за измена на дадена согласност од Владата на Република Северна Македонија за преземање на повеќегодишни финансиски обврски преку измена на динамиката за повеќегодишно плаќање за Проширување, надградба и одржување на интегрираната платформа за Редослед на клиенти, Резервирај термин за услуга, Оцени го шалтерскиот службеник и нејзино проширување во институции кои ќе изразат интерес и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за измена на дадена согласност од т. 72 од Дваесет и четвртата седница на Владата, одржана на 4. 8. 2021 година, издадена под арх. бр. 40-8517/1 од 4. 8. 2021 година за преземање на повеќегодишни финансиски обврски и одобри измена на динамиката за повеќегодишно плаќање за проширување, надградба и одржување на интегрираната платформа за Редослед на клиенти, Резервирај термин за услуга, Оцени го шалтерскиот службеник, и нејзино проширување во институции кои ќе изразат интерес. , во вкупна вредност од 3. 000. 000,00 денари без ДДВ, со нова динамика на плаќање и тоа:

- 481. 000,00 денари во 2022 година;
- 406. 000,00 денари во 2023 година и
- 113. 000,00 денари во 2024 година.

Потребните средства за реализација на плаќањето во 2022 година се обезбедени во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во рамките на Раздел 17001 - Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во Раздел 17001 - Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство, а се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Централниот регистар на Република Северна Македонија доколку се заинтересирани за бесплатно користење на платформата и истата да биде имплементирана во нивни локации каде се даваат услуги на шалтери, односно со ред на чекање, во рок од 10 дена да назначат две лица од нивните институции со контакт информации од лицата (е-пошта и телефон) преку испраќање на писмен допис до Министерството за информатичко општество и администрација.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата со цел барање за измена на дадена согласност од Владата на Република Северна Македонија за преземање на повеќегодишни финансиски обврски преку измена на динамиката за повеќегодишно плаќање за набавка на услуги за превентивно и адаптивно одржување на платформата за интероперабилност и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за измена на дадената согласност од Владата на Република Северна Македонија по Точка 43 од Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6. 7. 2021 година, арх. бр. 44-9104/1-20 и 40-6721/1 од 6. 7. 2021 година за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од Буџетот за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2022, 2023, 2024 и 2025 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка на Одржување на втората сервисна магистрала од платформата за интероперабилност во вкупна вредност од 32. 000. 000,00 денари без ДДВ со динамика на плаќање и тоа:

а. 5. 900. 000,00 денари во 2022 година,
б. 11. 100. 000,00 денари во 2023 година,
в. 10. 000. 000,00 денари во 2024 година,
г. 5. 000. 000,00 денари во 2025 година.

Потребните средства за реализација на набавката во 2022 година се обезбедени во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во рамките на Раздел 17001 на Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во Раздел 17001 Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на системот „Централен регистар на население и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка за одржување на системот „Централен регистар на население", во вкупна вредност од 12. 000. 000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 000. 000,00 денари во 2022 година,
- 5. 500. 000,00 денари во 2023 година и
- 5. 500. 000,00 денари во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.
Истовремено, Владата заклучи Министерството за информатичко општество и администрација потребните средства во 2023 и 2024 година, да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за 2023 и 2024 година.

**Точка 88**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 4275/1 КО Куманово), во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други орагани и организации што имаат јавни овластувања во периодот октомври-декември 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука – Државен просветен инспекторат и Министерството за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат, а се укажува на Државната комисија за спречување на корупцијата и Агенцијата за заштита на личните податоци, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на месеците октомври, ноември и декември 2021 година, по кои сѐ уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за месеците јануари, февруари и март 2022 година, да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до 20 април 2022 година, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

## Точка 90

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика, Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 91

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следново мислење:

Со барањето на овластените пратеници се предлагаат измени на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и тоа:
- изменување на членот 68 став 1, при што се менува процентот на месечната нето плата на работникот за последните 24 месеци од 50% на 100% односно, се предвидува исплаќање на 100% од утврдената просечна плата на работникот за последните 24 месеци, која ќе му се исплаќа на невработеното лице во вид на паричен надоместок.
- бришење на ставот 2 од истиот член во кој е утврдено дека наведениот надоместок не може да изнесува повеќе од 80% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена за последниот месец,
- во членот 71 ставот 2 да се смени и истиот да гласи:

“Паричниот надоместок на невработено лице се исплатува:
1) Три месеци – ако има стаж на осигурување најмалку од шест месеци во непрекинато траење;
2) Шест месеци – ако има стаж на осигурување над шест месеци и еден ден до 12 месеци и
3) Дванаесет месеци – ако има стаж на осигурување над 24 месеци и еден ден повеќе“.

Членот 68 во ставот 1 предвидува дека висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавачот согласно со закон, колективен договор и договор за вработување и изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеци за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеца, а за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеца, паричниот надоместок за првите 12 месеци изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца, а за преостанатото време 40% од просечната месечна нето плата.

Во ставот 2 се предвидува дека надоместокот од став 1 на овој член не може да изнесува повеќе од 80% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена за последниот месец.

Во членот 71 од Законот е предвидено:
Времето за кое се исплатува паричниот надоместок зависи од времето за кое невработеното лице било осигурено во случај на невработеност е предвидено.

Паричниот надоместок на невработеното лице се исплатува:
1) еден месец, ако има стаж на осигурување најмалку девет месеци во непрекинато траење или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци;
2) два месеци, ако има стаж на осигурување над 18 месеци до две и пол години;
3) три месеци, ако има стаж на осигурување над две и пол до пет години;
4) четири месеци, ако има стаж на осигурување над пет до седум и пол години;
5) пет месеци, ако има стаж на осигурување над седум и пол до десет години;
6) шест месеци, ако има стаж на осигурување над десет до дванаесет и пол години;
7) седум месеци, ако има стаж на осигурување над дванаесет и пол до 15 години;
8) осум месеци, ако има стаж на осигурување над 15 до седумнаесет и пол години;
9) девет месеци, ако има стаж на осигурување над седумнаесет и пол до 20 години;
10) десет месеци, ако има стаж на осигурување над 20 до дваесет и две и пол години;
11) единаесет месеци, ако има стаж на осигурување над дваесет и две и пол до 25 години и
12) дванаесет месеци, ако има стаж на осигурување над 25 години.

Со ставот 2 се предвидува дека на невработеното лице кое има над 15 години стаж на осигурување, а на кое му недостасуваат најмногу до 18 месеци пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, паричен надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок.

Меѓутоа, постоечкото законско решение во однос на предложените измени на законот, дава можност за користење на правото на парично обезбедување во случај на невработеност во висина која е во рамките на европските стандарди и како земја кандидат за интеграција во Европска Унија е потребно да останеме во рамките на овој веќе воспоставен европски стандард. Понатаму, доколку законското решение се промени согласно барањето на предлагачите, тоа ќе влијае врз вработеноста, односно ќе ги дестимулира невработените лица за активно евидентирање и активно барање на работа за време на користењето на паричниот надоместок по основ на невработеност.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија, да не го донесе Законот за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка.

## Точка 92

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10000 избирач.

Имајќи ја предвид оваа уставна одредба Предлог-законот за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка е поднесен од овластени предлагачи.

Иако во целост се разбира потребата од зголемување на износот на дневниот надомест за субвенциониран студентски оброк од 120 на 150 денари Министерството за образование и наука нема предвидено во буџетот зголемување на овој надомест, имајќи предвид дека спроведувањето на овој закон предизвикува сериозни фискални импликации по буџетот на Министерството од повеќе од 800 милиони денари, само во првата година од неговата примена, така што натамошното зголемување на износот на надоместот би го отежнало спроведувањето на оваа мерка.

Оттаму, а имајќи ги предвид антикризните мерки, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлог-законот за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот

**Точка 93**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за акцизите, по итна постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со Предлог-законот се предлага намалување на висината на акцизата за безоловниот бензин, гасното масло како погонско гориво, гасното масло за греење и течниот нафтен гас, со оглед на новонастанатата состојба во Украина, а со цел да им се помогне на граѓаните и на компаниите од транспортниот сектор.

По однос на предметниот Предлог-закон по итна постапка, поднесен од група на пратеници, Владата ги имаше во предвид моменталните случувања со зголемувањето на цената на нафтата на светските берзи, како и новонастанатата состојба во Украина, поради што како реакција од наша страна произлезе Законот за дополнување на Законот за акцизите кој се донесе од Собранието на Република Северна Македонија и се објави во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 57 од 12 март 2022 година.

Со горенаведените донесени дополнувања на Законот за акцизите се предвидува по исклучок од постојното законско решение пропишано во член 92 од Законот за акцизите, во услови на големи природни непогоди или епидемии во Република Северна Македонија, на прогласена воена состојба, на утврдено постоење на вонредна состојба или при одлука за постоење на кризна состојба, кога настанале или можат да настанат нарушувања на снабдувањето на населението или пореметувања во снабдувањето на други области (субјекти) со енергенти, да се пресметува намалување на акцизата кај безоловниот бензин, гасното масло како погонско гориво и гасното масло како гориво за греење во зависност од движењето, односно од висината на зголемувањето на цената на овие енергенти на светските берзи.

Исто така, целта на донесените дополнувања на Законот за акцизите е да се влијае и да се придонесе кон ублажување на ефектите предизвикани од континуираниот, забрзан раст на енергентите на светските берзи, врз малопродажните цени на безоловниот бензин, гасното масло како погонско гориво и гасното масло како гориво за греење којшто се случува во нашата земја, а и секаде во светот.

Во однос на делот од Предлог-законот за изменување на Законот за акцизите, по итна постапка, предложен од група пратеници, каде е наведено дека Владата на Република Северна Македонија планира дополнително да воведе еколошка такса на енергентите, се укажува дека Владата на Република Северна Македонија, меѓу другото, го одложи воведувањето на еколошката такса за енергентите како една од сетот мерки кои беа превземени во насока на заштита на животниот стандард на граѓаните и ликвидноста на компаниите.

Воедно, се преземени, односно донесени низа сеопфатни економски мерки со цел ефикасно справување со енергетската и ценовната криза.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

## Точка 94

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 104 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Диме Велковски и притоа го утврди следново мислење:

Членот 104 од Законот за работните односи со последните измени и дополнувања на Законот објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21, ја измени својата содржина и гласи: „Договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со друг закон поинаку не е уредено. “

Со измената на членот 104 се укина можноста за продолжување на договорот за вработување до 67 години возраст со еднострана изјава на волја на работникот како и ограничувањето за работа до 67 години. Меѓутоа, како услови за престанок на договорот за вработување од страна на работодавачот, остануваат возраста на работникот од 64 години и должината на пензискиот стаж од 15 години. Притоа, должината на пензискиот стаж е вака утврдена поради тоа што 15 години пензиски стаж е услов за стекнување на право на старосна пензија, согласно член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19 и 31/20). Од оваа причина, неминовно произлегува дека наведените услови за прекинување на договорот за вработување треба да се гледаат кумулативно и дека работодавачот не може да го раскине договорот за вработување, ако работникот наполнил 64 години возраст, а нема најмалку 15 години стаж на осигурување. Значи, доколку еден од условите не е исполнет, работодавачот не може да го прекине работниот однос, по овој основ.

Врз основа на наведеното, членот 104 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) е јасен и прецизен поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не дава автентично толкување.

## Точка 95

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 106 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), поднесено од пратениците Фадил Зендели и Бастри Бајрами и притоа го утврди следново мислење:

Наводите изнесени во Барањето за давање на автентично толкување на членот 106 став (1) од Законот за општата управна постапка се неосновани.

Во предметното Барање за давање на автентично толкување се наведува дека чести се случаите кога, во постапката се вклучува Државното правобранителство на Република Северна Македонија како странка, рокот за изјавување на жалба се пролонгира поради барања за дополнителни докази од првостепениот орган кој го донел решението, од каде се поставува прашањето од кога почнува да тече рокот за изјавување и доставување на жалбата во управната постапка, односно дали овој рок од 15 дена може да се продолжи или рокот почнува да тече од моментот на доставување на поднесок на надлежен орган со кој поднесок бара дополнтелни правни основи за донесеното решение, односно дополнителни факти, иако со посебен закон не е определен подолг рок за изјавување жалба.

Со Законот за општата управна постапка се уредува постапката за остварување на заштита на правата и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки, како и заштита на јавниот интерес по која се должни да постапуваат министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на Градот Скопје и општините во Градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи (член 1). Законот за општата управна постапка се применува за сите управни дејствија на јавните органи и на давателите на услуги (член 2 став 1). Со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирана со овој закон (член 2 став 2). Од цитираните одредби недвосмислено произлегува дека Законот за општата управна постапка предвидува негова примарна и единствена примена оставајќи простор за доуредување на одредбите со посебни закони само во наведените случаи. Во таа смисла, Законот за општата управна постапка дозволува во одделни управни области, поради нивната специфичност, некои прашања да бидат поинаку регулирани од она што е пропишано со Законот за општата управна постапка, додека за сите останати прашања што не се уредени со посебниот закон, се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка.

Членот 106 став (1) од Законот за општата управна постапка гласи: „Странката може да изјави жалба против управниот акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, освен ако со посебен закон не е определен подолг рок. "

Од цитираниот член јасно и недвосмислено произлегува дека рокот за изјавување на жалба е точно 15 дена и прецизно е утврден денот од кој треба да се смета траењето на рокот, односно од првиот нареден ден од денот на доставување на управниот акт. Овој рок е општ, редовен рок, а со посебен закон може да се предвиди подолг рок од редовниот, утврден со Законот за општата управна постапка.

Со член 44 став (3) од Законот за општата управна постапка, е утврдено во кој случај може да се продолжи рокот, односно рокот определен со прописите за кои е предвидена можност за продолжување, може да се продолжи по молба од заинтересираното лице поднесена пред истекот на рокот, ако постојат оправдани причини за продолжување. Оттука произлегува дека секое овластено лице е должно да внимава на роковите за преземање на дејствијата, а во овој контекст, ако жалбата е изјавена по истекот на предвидениот рок, таа е неблаговремена и ќе биде отфрлена.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на членот 106 став (1) од Законот за општата управна постапка, поднесено од пратениците Фадил Зендели и Бастри Бајрами од причини што одредбите се јасни и нема потреба за нивно толкување.

**Точка 96**

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов, поради потребата, Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за финанси да подготви заедничко мислење по Предлог-законот и истиот да се разгледа на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 97**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) поднесено од градоначалникот на Градот Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Локалната самоуправа како темелна вредност на уставниот поредок е уредена во Главата V од **Уставот на Република Северна Македонија**. Согласно членот 114, став (1) на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа.

**Законот за локалната самоуправа** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) како системски закон, го уредува остварувањето на правото на граѓаните на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината, ги уредува надлежностите на општината, непосредното учество на граѓаните во одлучувањето, организацијата и работата на органите на општината, општинската администрација, актите на органите, имотот – сопственоста на општината, како и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Согласно член 2 став (1) точка 10 од овој закон, „Јавни служби“ се непрофитни организации за вршење на јавни услуги (јавни претпријатија и јавни установи), кои вршат дејност од јавен интерес од локално значење.

Според член 24 став 1 од истиот Закон, заради извршување на своите надлежности, општините можат да основаат јавни служби, во согласност со закон.

Главата VIII. од Законот за локалната самоуправа содржи одредби со кои се уредува имотот на општината, сопственоста, начинот на неговото користење, како и продажбата на стварите во сопственост на општината.

Согласно членот 64 став (3) од оваа глава со сопственоста општината располага и стопанисува како добар домаќин, на начин утврден со закон.

Според членот 65 од Законот, јавните служби основани од општината се нејзина сопственост.

Членот 67 од овој закон, утврдува дека стварите во сопственост на општината можат да се дадат на користење на други субјекти по пат на јавно наддавање, во согласност со закон.

**Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) како посебен закон ја уредува, меѓудругото и постапката за давање на користење на стварите во општинска сопственост на државните органи и на правните лица основани од државата како и постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост, како и продажба на ствари за кои е издаден лист за предбележување на градба во корист на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

Овој закон, согласно утврденото во поимникот и во останатите свои одредби, под ствари во општинска сопственост ги подразбираат „стварите што ги користат општините и правните лица основани од општините по било кој основ“.

Согласно членот 3 став (2) од овој закон, со стварите во општинска сопственост во име на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје располага Советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на Град Скопје.

Според членот 7 став 3 од законот, средствата остварени од продажбата, размената, закупот или давањето на користење на стварите во општинска сопственост се приход на Буџетот на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, ако со друг закон поинаку не е определено.

Во Главата Г. Давање на користење недвижни ствари во општинска сопственост на државни органи и правни лица основани од државата, член 21 се содржани одредби во однос на начинот на користење на недвижни ствари во општинска сопственост за што Советот на општината, односно Советот на општините во градот Скопје и Советот на Град Скопје, односно Советот со одлука може времено или трајно да ги даде на користење, со или без надоместок, на државни органи и на правни лица основани од државата.

Членот 67 став (2) од истиот Закон, утврдува дека одредбите од овој закон не се применуваат во постапките за давање во закуп на недвижни ствари на правните лица основани од општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, од областа на културата, спортот, образованието, детската и социјалната заштита.

Врз основа на наведеното јасно произлегува дека под поимот употребен во членот 67 од Законот за локалната самоуправа „други субјекти“ не се подразбираат јавните служби, односно правните лица основани од општината.

Законот за локалната самоуправа и Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост се единствени во однос на дефинирањето на поимот „општинска сопственост“ под кој се подразбираат и стварите на општината и стварите на јавните служби основани од општината.

Следствено на ова, од поимот „други субјекти“ се исклучени јавните претпријатија и јавните установи, основани од општината и давањето на користење на општински ствари на нив не треба да оди по пат на јавно наддавање.

Духот на одредбата содржана во членот 67 од Законот за локалната самоуправа, во однос на давањето на користење на стварите во сопственост на општината по пат на јавно наддавање е да се постигне поповолна и повисока цена за користењето на стварите, што оди во прилог на општината само доколку како корисник на кој се дава стварта се јавува било кој друг субјект кој не е јавна служба основана од општината. Давањето на користење на ствари во општинска сопственост на јавна служба основана од општината, по пат на јавно наддавање е неповолно и за самата општина, имајќи предвид дека се работи за ист сопственик.

Имајќи го предвид наведеното, а со оглед дека одредбата од Законот за локалната самоуправа е јасна и недвосмислена, Владата му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го отфрли како неоправдано барањето за давање автентично толкување на членот 67 од Законот за локалната самоуправа, поднесено од градоначалникот на Град Скопје.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Иницијативата од Весна Кочовска и Јосиф Перчинков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 19/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) и притоа го утврди следново мислење:

Според наводите во Иницијативата, имајќи предвид дека со оспорениот член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), се утврдува дека договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со друг закон поинаку не е уредено, подносителот на Иницијативата смета дека содржината на истиот дозволува нееднаквост на граѓаните пред законите, внесува дискриминација во сферата на работните односи и ги става во поповолна положба некои граѓани наспроти други и е во спротивност со членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според членот 9 од Уставот, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба (став 1) и граѓаните пред Уставот и законите се еднакви (став 2).

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), се менува членот 104 и истиот утврдува дека договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со друг закон поинаку не е уредено.
Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19 и 267/20), во членот 104 го уредуваше прекинувањето на договорот за вработување поради возраст на работникот со кој има склучено договор за вработување. Во ставот (1) од овој член, беше дефинирано дека работодавачот го прекинува договорот за вработување кога работникот ќе наполни 64 години возраст и ќе има најмалку 15 години пензиски стаж. Наведените години на потребен пензиски стаж се во тесна врска со условот за

стекнување на право на старосна пензија, согласно член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19 и 31/20). Од оваа причина, ваквото законско решение имплицира дека наведените услови за прекинување на договорот за вработување треба да се гледаат кумулативно и дека работодавачот не може да го раскине договорот за вработување иако работникот наполнил 64 години возраст, доколку работникот има договор за вработување на неопределено работно време, а нема најмалку 15 години стаж на осигурување.

Поради кумулативноста на условите од членот 104 став (1) од Законот, понатаму, во истиот член се разработуваше можноста за продолжување на договорот за вработување на доброволна основа, односно со поднесена изјава за продолжување на договорот за вработување од страна на работникот, во точно детерминиран рок за поднесување, а продолжувањето на договорот за вработување, согласно оваа одредба од Законот, можеше да се остварува се до навршување на 67 години возраст на работникот, кога по сила на Законот, договорот за вработување мораше да се прекине.

Со формулирањето на последното законско решение, прво, се укина можноста за продолжување на договорот за вработување до 67 години со изјава на работникот и притоа, се потврди двостраноста на работниот однос, односно се отстрани задолжителноста за продолжување на договорот за вработување, по едностраната изјава на волја на работникот, а како второ, Законот понатаму дава можност, ова да биде поинаку уредено со друг закон. Давајќи отстапка од генералната рамка на уредување на овој сегмент од работниот однос, законодавецот ја распознава специфичноста на одредени професии, во кои, доколку престанокот на договорот за вработување се применува согласно претходно опишаниот начин, може да дојде до загрозување на други уставно загарантирани права. Имено, ова би се случило, на пример, во областа на образованието, каде престанокот на работниот однос е врзан со завршетокот на учебната година, а не со возраста и стажот на работникот. Доколку би се применувало само решението „. . . . 64 години возраст и 15 години пензиски стаж. . . " и доколку нема соодветен стручен кадар, во оваа област ќе се наруши правото утврдено во членот 44 од Уставот, според кој: „Секој има право на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно. " Понатаму, недостатокот на кадри во областа на здравството, директно ќе влијае на уставно загарантираното право на здравствена заштита, утврдено во членот 36 од Уставот на Република Северна Македонија.

Оттука, произлегува дека одредбите од членот 104 од Законот за работните односи не можат да се применуваат за сите вработени, од причина што од оспорените одредби „. . . доколку со друг закон поинаку не е уредено“ јасно произлегува дека тој има супсидијарна примена во случаи кога со други посебни закони истата материја е уредена поинаку. Следствено, Законот за работните односи се јавува како lex generalis во уредувањето на работните односи, а додека законодавецот може со други посебни закони (lex specialis) да доуреди одредени прашања од оваа материја кои би се однесувале за одредена категорија на работници, при што со тоа не би се нарушило уставното начело на еднаквост, кое согласно уставно – судската пракса подразбира дека со еднаквите се постапува еднакво, а со нееднаквите нееднакво.

Во оваа смисла, имајќи сеопфатно разбирање за комплексноста на последиците на наведениот член, јасно и недвосмислено е дека ова законско решение претставува општа, генерална одредба и истото е во согласност со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорениот дел од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), е во согласност со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21).

<u>**Точка 99**</u>

Владата го разгледа Барањето на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович - Державин“ за промена на Статут поради ребрендирање, со Одлука за промена на Статутот на Универзитетот и Одлука за започнување на постапка на ребрендирање на Универзитетот и притоа го утврди следново мислење:

Во врска со доставениот нов Статут од страна на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович - Державин" - Свети Николе, со кој се врши изменување и дополнување на постоечкиот Статут на високообразовната установа, се укажува дека измените и дополнувањата на Статутот се вршат со донесување на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот.

Со оглед на горенаведеното, до Владата на Република Северна Македонија треба да се достави Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот која треба да содржи потпис и печат од претседателот на Сенатот и треба да има штембил со архивски број на Универзитетот.

Исто така, имајќи предвид дека со предвидените измени на Статутот, се врши изменување на називот и грбот на Универзитетот, согласно член 9 став 8 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05, 120/05 и 51/11), во прилог на Статутарната одлука треба да се достави и согласност од основачот за овие измени.

## Точка 100

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокатите Александар Ристески и Рајна Наумовска-Марковска, двајцата од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 24/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/2021), во целина и посебно негови одредби и притоа го утврди следново мислење:

Во однос на суштината на поднесената Иницијатива, се укажува дека Законот за медијација (*) не го напушта концептот на медијацијата на Законот за медијација од 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13,148/15,192/15 и 55/16), кој, исто така, е изготвен според европскиот модел кој предвидува и обезбедува поекономична, побрза и поефикасна постапка, до која страните имаат лесен пристап и во која се гарантира правично постапување, неутралност, непристрасност и доверливост.

Овие карактеристики го чинат законот флексибилен како успешен модел за решавање на спорови и олеснување на судството со растеретување од предметите кои доведуваат до неажурност и неефикасност на судските постапки.

Подносителот на уставната иницијатива, наведува дека со оспорениот Закон за медијација (*), целосно е прекршено уставното начело на слободата на пазарот и претприемништвото, бидејќи законските одредби доведувале до нееднаква положба на субјектите на пазарот, односно до појава на монополско однесување и монополска положба на пазарот, со што било прекршено уставното начело од членот 8 став 1 алинеја 7 и уставната одредба од членот 55, како и член 8 став 1 алинеја 3 во врска со членот 95 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на иницијативата наведува дека целиот пропишан систем за акредитирање на обуките за идните медијатори и за идни обучувачи на медијатори; спроведување на испитот за идни медијатори; издавањето на лиценци (лиценцирањето) во областа на медијаторството; државната контрола во областа на медијаторството; неоснованата државна помош во облик на субвенционирање биле целосно во рацете на тесен круг лица коишто станале медијатори.

Подносителот наведува дека целосно било неприфатливо да може да се признае и да се користи во правниот промет во Република Северна Македонија високо образование стекнато во странство, а да не може да се користи (нострифицирана) обука од областа на медијацијата завршена во странство како основ за полагање на испитот за медијатор, како и целосно било неприфатливо да не постои законска можност за нострифицирање на лиценца за медијатор стекната во странство, а пред се во државите членки на Европската унија; на ЕЕО и во Швајцарската Конфедерација. Особено одредбите коишто се однесувале на полагање на испитот за медијатор односно составот на испитната комисија, како и одредбите за Националниот совет за медијација пропишувале целосна контрола над областа на медијаторството да било во рацете на сегашните медијатори, што доведувало до монополска положба и монополско однесување на пазарот.

Подносителот наведува дека со законот се пропишува основање на орган на државната управа Националниот совет за медијација и дека организацијата и работата на органите на државната управа се уредувале со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, а на седницата кога бил донесен Законот за медијација, за законот гласале 61 пратеник, а истиот требало да се донесе со двотретинско мнозинство на гласови.

Во врска со поднесената Иницијатива за оцена на оспорениот Закон за медијација и наведените посебни одредби од законот, истите се неосновани од следните причини:

Законот за медијација (*) има за цел да се обезбеди унапредување и натамошен развој на медијацијата, имајќи ја предвид определбата на државата за унапредување и успешно функционирање на медијацијата во Република Северна Македонија.

Медијацијата како еден од алтернативните начини на решавање на споровите во Република Македонија за прв пат беше промовирана со донесувањето на Законот за медијација во 2006 година, изготвен во согласност со Стратегијата за реформа на правосудниот систем 2004-2007, како и определбата на Република Македонија за интегрирање во европските текови, но тој законски модел заради екстремно либералниот пристап до дејноста, доведе до екстремно висок број на лица со завршени обуки за медијатори (177), но минорен број на медијации (20-тина) во декадата во која се применуваше законското решение, се до 2016 година.

Со цел да се обезбеди унапредување и развивање на медијацијата, пред се од аспект на интегритетот и квалитетот на медијаторите, за што не е доволно само завршена обука, во 2013 година беше донесен нов Закон за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13), кој предвиде испит за медијација (по електронски пат-како последица на тогашната политика на државата сите испити да се одвиваат исклучиво електронски), и тело кое се грижеше за следење на квалитетот на медијаторите-Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, формирано од Владата на Република Македонија.

Ова законско решение резултираше со илјадници предмети за медијација (3497) од кои 50% (1730) беа успешно завршени со спогодби од страна лиценцираните медијатори согласно Законот од 2013 година. Европската Комисија ваквото достигнување на медијацијата го констатираше во своите извештаи, но укажа дека развојот не треба да застане тука, туку треба да се продолжи со натамошен развој на медијацијата.

Токму затоа со Стратегија за реформа на правосудниот сектор за 2017-2022 година и Акциониот план, државата се обврза на натамошен развој на медијацијата и надминување на критичните точки и лоцираните проблеми во врска со испитот за медијатори, промоцијата и популаризирањето на медијацијата, потребата од поблиско уредување на работењето и надлежностите на телото надлежно за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата.

При изработка на Законот за медијација (*), се продолжи со следење на европските искуства, и тоа како на Советот на Европа така и на Европската Унија. Притоа особено акцент се стави на натамошниот развој на квалитетот на медијаторите, развој на обуките за медијатори и креирање на квалитетен филтер за лицата кои се определиле да се занимаваат со медијација, бидејќи тоа е клучен фактор за стекнување на доверба во медијацијата и стимулирање на јавноста да се користат придобивките кои ги овозможува медијацијата. Токму затоа Законот за медијација (*) е закон со европско знаменце, кој помина бројни филтри и угласувања со Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство.

Неосновани се наводите на подносителот дека пропишаниот систем за акредитирање на обуките на идните медијатори и за идни обучувачи на медијатори, спроведувањето на испитот за идни медијатори, издавањето на лиценци, државната контрола на медијаторството и државната помош – субвенционирањето било во рацете на тесен круг на лица коишто станале медијатори.

Имено, според членот 57 од Законот за медијација (*), акредитација на програмите се издава на програмите кои ќе ги исполнат условите за акредитација на програмите за обука на медијатори. Според член 61 став (1) од Законот за медијација (*), барање за акредитација на програма за обука на медијатори (основна, во специфична област и за обука за обучувачи) до Националниот совет можат да поднесат домашни и странски правни лица регистрирани/запишани во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, кои ги исполнуваат условите за доделување на акредитација на програми за обука согласно со членот 62 од овој закон. Од наведеното барањето за акредитација на програмите за обука на медијатори не се поднесува од медијатори туку од домашни и странски правни лица регистрирани/запишани во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Во делот на наводите дека спроведувањето на испитот за медијатор бил во рацете на тесен круг на медијатори, истите се неосновани од причина што испитот за медијатор согласно член 55 од Законот за медијација (*), се состои од два дела и се полага пред Комисија која ја формира министерот за правда, а медијатори се ангажираат за вториот дел од испитот, како учесници-симулатори на спротивставени страни (како лица кои ги имаат стекнато посебните вештини за медијатори, и кои практично ги применуваат истите при вршење на дејноста медијатор). Притоа, тие не оценуваат, ниту поставуваат прашања, што е во надлежност на членовите на Комисијата за полагање на испитот од редот на академската заедница, судии или други професии како и од редот на лиценцираните медијатори на предлог на Комората на медијатори водејќи сметка членовите да потекнуваат од различни професии.

Во делот дека државната контрола на медијаторството било во тесен круг на лица – медијатори исто така се неосновани од причина што Националниот совет за медијација, како правен следбеник на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, во скратен и видоизменет состав продолжува да го обезбедува, следи и оценува квалитетот на работите на медијација, независно и самостојно во рамки на делокругот на работите утврдени со Законот за медијација (*). Советот е составен од Национален координатор за медијација и четири члена кои самите се пријавиле на јавниот оглас и искажале интерес да станат дел од Советот, а ги исполнуваат условите утврдени во членот 64 став (5) од Законот за медијација (*), кои не се медијатори, но покажале резултати во областа на медијацијата.

Во однос на наводите дека Законот за медијација (*) требало да се донесе со двотретинско мнозинство затоа што со него се основал, нов орган Националниот совет како тело на Владата, истите се неосновани од причина што според член 7 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови, органите на државната управа, освен министерствата, можат да се основаат, укинуваат и нивната надлежност да се утврдува со закон. Од тие причини освен Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11), Уставот на Република Северна Македонија не обврзува дека формирањето на тела на Владата се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство на гласови.

Имено, Законот за медијација (*) со кој се уредува медијацијата како вон судска постапка за решавање на спорниот однос на страните по пат на преговарање и на мирен начин со помош на трето лице – лиценциран медијатор, нема аналогија со законот со кој се уредува организацијата и работењето на органите на државната управа, кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, односно подносителот на Иницијативата го немал во предвид Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11), каде се уредени организацијата, надлежностите и работата, меѓу другите органи на државната управа, и на Министерството за правда. Притоа, иако во Уставот изречно не се наведени кои закони се донесуваат со двотретинско мнозинство, од предметот на уредување на Законот за медијација (*) произлегува дека истиот не претставува системски закон, односно закон кој се донесува со двотретинско мнозинство.

Неосновани се наводите дека неоснованата државна помош во облик на субвенционирање е целосно во рацете на тесен круг на медијатори од причина што медијацијата се субвенционира од страна на Министерството за правда, а со цел развој на медијацијата и поттикнување на физичките лица да горешават спорот по пат на медијација без притоа да имаат трошоци(што честопати е единствената пречка да се обидат спорот да го решат со медијација), со цел да увидат дека медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите е многу побрз, поефикасен и поцелисходен начин за надминување на спорните односи од судските постапки. Воедно, неспорно е дека медијацијата доведува дорастеретување на судовите од непотребниот баласт на предмети, имајќи ја предвид определбата на државата за унапредување и успешно функционирање на медијацијата во Република Северна Македонија. Од тие причини субвенционирањето е ограничено со закон и со субвенционирање се опфатени само оние случаи кои ги исполнуваат условите од член 35 од Законот за медијација (*).

Имајќи го предвид горенаведено, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот Закон за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21) во целина и посебно негови одредби од член 3 став 1 буква е), член 35, член 36, член 37, член 54 став 1 букви б) и г), член 55 ставови 4,5 и 9, член 56 став 3 точки 2 и 3, член 57, член 58, член 60, член 61, член 62, член 63, член 64, член 65, член 66, член 67, член 68 и член 69 од Законот за медијација,се во согласност со член 8 став 1 алинеја 7 и член 55, како и член 8 став 1 алинеја 3, а во врска со член 95 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21) во целина и посебно негови одредби од член 3 став 1 буква е), член 35, член 36, член 37, член 54 став 1 букви б) и г), член 55 ставови 4,5 и 9, член 56 став 3 точки 2 и 3, член 57, член 58, член 60, член 61, член 62, член 63, член 64, член 65, член 66, член 67, член 68 и член 69 од Законот за медијација.

## Точка 101

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена под У. бр. 22/2022, од Грански независен синдикат на полицијата, за оценување на уставноста на член 14 став 2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и притоа го утврди следново мислење:

Во Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), во член 14 во ставот 2 се предвидува дека во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се формира Специјализирано одделение за гонење на кривични дела, сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Специјализираното одделение има стручна служба и јавнообвинителски истражители од истражниот центар согласно со овој закон. Јавните обвинители и раководителот на специјализираното одделение ги распоредува јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од редот на јавните обвинители од тоа обвинителство, по претходно добиена согласност од јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Подносителот на Иницијативата наведува дека од содржината на цитираната одредба од член 14 став 2, од Законот за јавното обвинителство произлегува дека со формирањето на специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција се дискриминираат вработените во овие две работни сфери.

Исто така, подносителот истакнува дека доколку целта на законодавецот била да обрне особено внимание на лица кои извршуваат специфични работни задачи, тогаш во таа насока истакнуваат дека постојат и многу други области кои извршуваат слични вакви задачи, а кои со ваквата одредба никако не се опфатени.

Во дополнение, подносителот потенцира дека и вработени во други професии, какви и да се, се подложни на дејствување во организиран криминал и корупција, а ваквото категоризирање само на овие две професии апсолутно истите ги дискриминира и уште полошо ги маргинализира и ги претставува во погрешно светло со постоење на посебен член само за нив.

Воедно, подносителот нагласува дека тоа би значело акцентирање на истите како „високоризични“ и „подложни“ на организиран криминал и корупција, што од друга страна би довело и до рушење на угледот и довербата во истите.

Подносителот образложува дека слични работни задачи извршуваат и Царинската управа, финансиската полиција, судската полиција, припадниците на АРМ (воената полиција), Агенцијата за национална безбедност, Оперативно техничката агенција, Агенцијата за разузнавање и разни инспекторати и други во однос на кои лицата со полициски овластувања и припадниците на затворскта полиција се дискриминирани.

Во контекст на наведеното, подносителот предлага да се укине ставот 2 на член 14 од Законот за јавното обвинителство, а доколку проценката на Уставниот суд е да не се укине цел член, да се укине делот од наведениот член „за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадниците на затворската полиција“.

Согласно член 8 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија во Република Северна Македонија слободно е сè што со Уставот и закон не е забрането.

Согласно членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно членот 108 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста.

Согласно член 110 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот.

Согласно член 112 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд ќе укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот.

Согласно член 112 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд ќе укине или поништи друг пропис или општ акт, колективен договор, статут или програма на политичка партија или здружение, ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или со закон.

Во член 14 во ставот 2 од Законот за јавното обвинителство е наведено дека во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се формира специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Специјализираното одделение има стручна служба и јавнообвинителски истражители од истражниот центар согласно со овој закон. Јавните обвинители и раководителот на специјализираното одделение ги распоредува јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од редот на јавните обвинители од тоа обвинителство, по претходно добиена согласност од јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Во Законот за јавното обвинителство, во член 33 ставовите 1 и 2, гласат:
„(1) Специјализираното одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција е надлежно да постапува:
- за кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при вршење на службени должности и овластувања,
- кривични дела извршени надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност.
(2) Под лице со полициски овластувања во смисла на ставот (1) на овој член, се подразбира полициски службеник, овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање со полициски овластувања, припадници на финансиска полиција и шумска полиција, со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела и овластени службени лица на Министерство за одбрана кои работат на откривање и истражување на кривични дела.“

Се смета дека наводите на подносителот на Иницијативата се целосно неосновани од следните причини:

Постоењето на независни, ефикасни и навремени механизми за контрола на работата на полицијата пред вградувањето на независниот контролен механизам во нашето законодавство беше барање согласно со Европската конвенција за човекови права и нејзиното прецедентно право, како и согласно со наодите на Европскиот комитет за превенција од тортура (КПТ) и мислењето на Комесарот за човекови права на Советот на Европа во однос на независното и ефикасно одлучување по жалбите против полицијата и другите меѓународни стандарди, итн. Таквите механизми мора да бидат практично и хиерархиски независни од оние чие постапување е предмет на истрага, отворени кон увид на јавноста и да можат да донесуваат правно обврзувачки одлуки.

Извештаите за ситуацијата во однос на човековите права во државата, како оние на КПТ, ОБСЕ, Амнести Интернешнал, Државниот секретаријат на САД, како и извештаите на Народниот правобранител/НПМ и националните невладини организации за човекови права кои работат на жалби за полициски злоупотреби во периодот пред донесувањето на законот силно сугерираа дека контролните механизми над телата за спроведување на законот не се на соодветното ниво кое е потребно за држава кандидат за членство во Европската Унија.

Во тој контекст се и релевантните пресуди на Европскиот суд за човекови права против државата кои утврдиле дека имало повреди на член 3 од Конвенцијата (забрана на тортура и нечовечко или понижувачко постапување). Поконкретно, наведените пресуди утврдиле дека имало повреда во однос на процедуралниот аспект од овој член поради тоа што властите не спровеле ефикасна истрага по наводите на жалителот за полициска бруталност. Прашањето на ефективна и навремена истрага било разгледано во секој предмет поединечно и секогаш наодот гласеше дека овој услов не бил исполнет, па затоа било утврдено дека постои повреда од процедурален аспект. Детектираната неактивност на обвинителството била резултат како на самото нивно работење во рамките на нивната надлежност, така и на неактивноста на службите во рамките на Министерството за внатрешни работи. Нецелосната зависност (хиерархиската поставеност на службите, потпирање во извештаите само на искази на полициски службеници), како и пристрасноста во работењето на посебни служби на Министерството за внатрешни работи како резултат на претпоставени елементи како блискост меѓу полициските службеници или друг вид поврзаност (пријателска или

родбинска) не била посебно разгледувана, иако имало елементи за испитување за нејзино евентуално постоење.  Овие проблеми во фазата на донесувањето на оспорениот закон беа разгледувани од неколку аспекти и тоа првенствено од гледна точка на потребата за воспоставување на надворешен механизам за контрола на работата на полицијата дополнително на постоечкиот механизам за внатрешна контрола.

Забраната на тортура и други форми на несоодветно постапување, како и правото на живот, во случај кога се одговорни припадници на полицијата, истите за своите постапки треба да одговараат согласно законот, а за таа цел треба да се спроведе ефективна и навремена истрага.  Анализата на десет пресуди донесени од Европскиот суд за човекови права, кои се однесуваат на нашата држава пред донесувањето на оспорениот закон, покажа дека во сите случаи Европскиот суд за човекови права утврдил дека не била спроведена ефективна и навремена истрага, поради што е најдена повреда од процедурален аспект.  Утврденото од страна на Европскиот суд за човекови права беше причина за воспоставување на независен и ефикасен надворешен механизам за контрола на работата на полицијата и лицата со полициски овластувања, а срјта на тој механизам е формирање на посебно Одделение во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кое ќе биде надлежно за кривично гонење за сите кривични дела извршени од страна на лица вработени во Министерството за внатрешни работи кои имаат полициски овластувања и од припадниците на затворската полиција, а кои кривични дела се сторени при вршењето на службената должност, како и кривични дела извршени од страна на истите лица надвор од вршењето на службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност.

Дополнително, наводите за дискриминација на припадниците на полицијата и затворската полиција во однос на припадниците на другите слични професии (на пр. Царинската управа, воената полиција, финансиската полиција и сл. ) се несоновани. Имено, во член 33 став 2 од Законот јавното обвинителство , во делот на надлежностите на Специјализираниото одделение е пропишано дека „Под лице со полициски овластувања во смисла на ставот (1) на овој член, се подразбира полициски службеник, овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање со полициски овластувања, припадници на финансиска полиција и шумска полиција, со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела и овластени службени лица на Министерство за одбрана кои работат на откривање и истражување на кривични дела.“

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 14 став 2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), е во согласност со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 14 став (2) од Законот за јавното обвинителство, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Методија Ристоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 70483 за КО Маџари, КП бр. 311, викано место/улица Жан Жорес и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења од Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје .

**Точка 103**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3496 за Ѓорче Петров 4-Влае, на КП бр. 6175, викано место ул. Косовска и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски, како и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Карталова - Баснаркова од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 452 за КО Копачин Дол, на КП бр. 1125 дел 2, викано место/улица Теќепе и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2566, за КО Чаир, на КП бр. 3023, викано место/улица 208 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 96083, за КО Ѓорче Петров 2- Мирче Ацев, на КП бр. 13525/2 и КП бр. 5427/1 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 28468, за КО Сингелиќ 2, на КП бр. 2452, викано место/улица Х. Жефаровиќ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Ристовска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 818, за КО Радање, на КП бр. 2374 викано место/улица село и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје, за размена на недвижен имот-идеален дел од КП 9759, КО Ѓорче Петров 6, евидентирано во Имотен лист 96515 и идеален дел од КП 9760, КО Ѓорче Петров 6 евидентирано во Имотен лист 93572 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1964, за КО Стајковци, КП бр. 77, викано место/улица Куќа и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења од Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје .

**Точка 111**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери - Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4426, за КО Бутел, на КП бр. 1726, викано место/улица Шуто Оризари и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 112**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид за Налог за извршување врз недвижност, запишана на ИЛ. бр. 13321 за КО Охрид 2, доставена под И. бр. 124/2015 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 113

1. Владата го избра Башким Авдији за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД – Скопје, во државна сопственост.

2. Владата го отповика Никола Бајалџиев од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопстеност за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ) АД Скопје.

2. 1 Владата го избра Димитар Џеков, за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопстеност за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ) АД Скопје.

3. Владата го разреши Методија Димовски од должноста член на Инспекцискиот совет од областа на животната средина и заштита на здравјето на луѓето, на негово барање.

4. Владата го разреши Мухамед Зеќири од должноста генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, на негово барање.

5. Владата го именува Методија Димовски за генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го разреши Ејуп Јаја од должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поради истек на мандатот.

7. Владата го именува Фикри Алити, за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го разреши Руфат Хусеини од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

9. Владата го именува Гајур Рушити, за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Велес, поради истек на мандатот, ги разреши:

- Соња Мартинова
-Сања Јорданова

10. 1 Владата за членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Велес, ги именува:

-Соња Мартинова
-Сања Јорданова

11. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид, бр. 02-515/2 од 24 декември 2021 година, со која за директор на ЈНУ Хидробиолошки завод -Охрид е избрана д-р Орхидеја Тасевска, научен советник.

12. Владата го разреши Дарко Стоилковски од должноста член на Органот за надзор на Јавната установа - Меѓуопштински центар за социјална работа - Крива Паланка, на негово барање.

12. 1 Владата го именува Љубомир Младеновски за член на Органот за надзор на Јавната установа - Меѓуопштински центар за социјална работа - Крива Паланка.

13. Владата ја разреши Анета Трајановска од должноста вршител на должноста член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

13. 1 Владата ја именува Каљтрина Љута за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, претставник од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

14. Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница „Куманово“ – Куманово поради истек на мандатот, ги разреши:

-Илир Ќерими
-Миодраг Петрушевски

14. 1 Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница „Куманово“ – Куманово, ги именува:

-Илир Ќерими
-Миодраг Петрушевски

15. Владата заклучи да не врши избор по објавениот Јавен оглас Бр. 05/2022 за именување на директор на Државниот инспекторат за транспорт, објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ на 25 февруари 2022 година.

**Точка 114**

1. По повод укажувањата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестициии за проблемот кој Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го има во врска со добивање на мислења од Агенцијата за катастар на недвижности, особено кога се работи за пренамена на земјиште од земјоделско во градежно земјиште за патен Коридор 8, Владата ја задолжи Агенцијата за катастар на катастар на недвижности да постапи по сите барања за мислења упатени од Министерството, за земјоделство, шумарство и водостопанство и за истото да ја извести Владата, за што е потребно директорот на Агенцијата за катастар на недвижности да присуствува на наредната седница на Владата.

2. Владата го разгледа Статистичкиот извештај за јавни набавки врз основа на Законот за јавни набавки во област на одбраната и безбедноста за 2021 година, доставен од Министерството за одбрана, под бр. 18/3-168/2 од 31 март 2022 година, како материјал за информирање.

3. Владата ги разгледа Барањето за наменски средства за АД Електрани на Северна Македонија, Скопје за подмирување на доспеан долг кон АД Македонски електропреносен систем оператор, Барањето за задолжување на АД Електрани на Северна Македонија, Скопје за испорачување електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа и Информацијата за Измена на Финансискиот план за 2022 година на АД Македонски електропреносен систем оператор, Измена на Годишната инвестициона програма за 2022 година на АД Македонски електропреносен систем оператор, Измена на Годишниот план за останати потреби на набавки за 2022 година АД Македонски електропреносен систем оператор и Одлуката на Управниот одбор на АД Македонски електропреносен систем оператор и притоа заклучи:

- Се задолжува АД Електрани на Северна Македонија да постапи со приоритет кон исплаќање на обврските кон АД Македонски електропреносен систем оператор наспроти трети страни, со цел да се одржува преносната мрежа.

4. Владата го симна од Дневен ред Барањето од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија во врска со реализацијата на буџетските средства наменети за патни и дневни расходи (420) и други тековни расходи (426), а произлезени од заклучоците на Владата од Тринаесеттата седница, одржана на 20 октомври 2020 година и Седумдесет и втората седница, одржана на 25 мај 2021 година.

5. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 4 април 2022 година до 10 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

6. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 2 април до 8 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

7. Владата ја разгледа Информацијата во врска со Комитетот за преговори за склучување на договор за градење на Коридорот 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп – Битола) и ја усвои со следниве заклучоци: 1. Се задолжува Министерството за финансии во рок од една недела до Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да номинира членови на тимот за експропријација. 2. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта во рок од една недела до Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да предложи пет члена на тимот кој ќе преговара со стратешкиот партнер. 3. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта во рок од една недела до Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да номинира членови на тимот на проектната единица.

8. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 31 март 2022 година до 6 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 115

Владата го одложи од разгледување Извештајот за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2021 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи Извештајот со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 116

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на инспекциските служби за 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 117

Владата го разгледа Годишниот извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведување на одредбите од Законот за административни службеници, како и на прописите донесени врз основа на Законот во 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 118

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2021 година за аеродромите во Скопје и Охрид, како материјал за информирање.

## Точка 119

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 120

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапување по Извадокот од Нацрт - записникот од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8. 2. 2022 година бр. 41-892/1 и 41-1053/1, со дополнување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 121

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извадокот од Нацрт-записникот од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година бр.  41-892/1 и 41-1053/1 од 8 февруари 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 122

Владата го разгледа Извештајот за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 123

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 124

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 октомври 2021 година до 31 декември 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 125

Владата го разгледа Извештајот за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во Договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов, за периодот јули - декември 2021 година (нов текст), како материјал за информирање.

## Точка 126

Владата го разгледа Извештајот за работата на Информативното тело формирано согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Северна Македонија за Светската трговска организација, како материјал за информирање.

## Точка 127

Владата го разгледа Записникот од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 11 април 2022 година, со записници од состаноците на Комисијата за заразни болести, одржани на 30 март 2022 година и 6 април 2022 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата го усвои Записникот и ги донесе следните заклучоци:

1. Да се почитуваат препорачаните превентивни мерки за заштита и спречување на КОВИД-19 инфекција и укажува на поголема претпазливост на граѓаните во пресрет на престојните верски празници (Рамазански пости, Велигден) кога се можни поголеми групирања заради семејни и верски собири.

2. Учениците во средните училишта да посетуваат настава со физичко присуство без задолжително носење маски, освен ако учениците по сопствена волја не бараат да носат маска.

3. Да се укине забраната за организирање на екскурзии и настава во природа за основните и средните училишта.

4. Да се укине мерката за задолжителното носење маски во затворен простор со исклучок за носење во здравствените установи, аптеки, јавен превоз (автобуски, железнички, авио и такси превоз), установите за згрижување на стари лица и лица со попреченост.

Иако мерката за задолжително носење маски во затворен простор се укинува, силно се препорачува носење заштитни маски во затворен простор на лицата над 65 годишна возраст, хронични болни и лица кои се имунокомпромитирани.

5. Да се укине мерката за задолжителна изолација на лицата кои се блиски контакти на потврден позитивен КОВИД-19 случај, а се препорачува блиските контакти на потврден позитивен КОВИД-19 случај да носат заштитна маска (трослојна хируршка маска или KN95) во затворен простор во период од седум дена од последниот ден на контакт со потврдениот случај.

6. Согласно овие заклучоци, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот Sars-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

7. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди податоци за бројот на вакцинирани лица против КОВИД-19 вработени во сите јавни здравствени установи, со цел да се направи увид во вакциналниот опфат на здравствените работници заради носење на соодветни препораки.

8. Во однос на барањето од Министерството за труд и социјална политика за промени во протоколот за работа на детските градинки во услови на КОВИД-19 пандемијата, се препорачува Министерството за труд и социјална политика да направи измени во протоколот согласно договореното на работниот состанок со претставниците на Комисијата за заразни болести и директорите на детските градинки од Општина Аеродром и да го достави до Комисијата за заразни болести на конечно одобрување.

**<u>Точка 128.</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за увоз на масло од сончоглед за јадење и условно ја донесе Одлуката, доколку Министерството за финансии достави согласност по истата.

**<u>Точка 129</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/429 на Советот од 15 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/427 на Советот од 15 март 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 130**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/430 на Советот од 15 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/428 на Советот од 15 март 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина (нов текст) и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/430 на Советот од 15март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/428 на Советот од 15 март 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина со заклучок Министерството за надворешни работи да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 131**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка МХЕЦ Вејачка бр. 11-2142/1 од 26. 3. 2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 6. 8. 2022 година.
2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот најмалку до 5. 10. 2022 година.

**Точка 132**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Косово во врска со соработка во полето на одбраната и безбедноста, со усогласен текст на Меморандум и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Косово во врска со соработката во полето на одбраната и безбедноста.

2. Се овластува Славјанка Петровска, министер за одбрана, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Косово во врска со соработка во полето на одбраната и безбедноста.

**Точка 133**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/411 на Советот од 10 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/408 на Советот од 10 март 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, ја донесе Одлуката и заклучи текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 134**

Владата го донесе новиот текст Решението за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Измир, во предложениот текст.

**Точка 135**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Измир, во предложениот текст.

**Точка 136**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од добивање согласност по однос на Предлог-одлуката за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 137**

Владата по Придонесот кон Извештајот од Европската комисија и по повод укажувањето од м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања во однос на несоодветните и нецелосните одговори на прашалниците кои се однесуваат на Придонесот кон Извештајот од Европската комисија, заклучи:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во соработка со сите министерства, Собранието на Република Северна Македонија, Царинската управа и Државниот завод за индустриска сопственост да го финализира материјалот на англиски јазик и да го достави истиот до Владата за усвојување најдоцна до 19 април 2022 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги достави до Европската комисија, целокупниот материјал, одговорени прашалници и анекси најдоцна до 20 април 2022 година.

## Точка 138

Владата ја разгледа Информацијата во врска со привремено изнесување на уметничко дело од НУ Национална галерија на Република Северна Македонија во Република Србија, со дополнување и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура да се обрати до Министерството за култура и информирање на Република Србија, со барање да се преземат сите неопходни мерки за безбедносна заштита на уметничкото дело во текот на неговата конзервација и во периодот на одржување на изложбата, а по нејзиното завршување да посредува при враќање на делото во Република Северна Македонија, почитувајќи ги сите позитивни законски прописи, како и ратификуваните меѓународни конвенции.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди безбедносна придружба за време на транспортот на делото од НУ Национална галерија до ГП Табановце, како и во обратна насока, при враќање на делото кон крајот на 2022 година.

## Точка 139

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барање за произнесување и доставување на надлежност - Претставка од правното лице Твинс интернационал ДООЕЛ Куманово преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи и Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 30 дена да се произнесат околу можноста за наоѓање на техничко решение за реализација на наведените локации за изградба на бензински пумпни станици на потегот од граничен премин Табановце до односната клучка во случајов, имајќи ја во предвид Спогодбата меѓу сопствениците на експропријаниот недвижен имот и Фондот за магистрални и регионални патишта Скопје, со која Фондот се обврзува при изградба на автопатот да води сметка и да изврши прилагодување на влезно - излезните приклучни ленти на автопатот за реализација на Одобрението за градење бр. 09 УП 1-366 од 9. 5. 1994 година, како составен дел од Записникот од одржаната усна расправа УП. бр. 19-1227/1 од 3. 12. 2007 година во Министерството за финансии-Управа за имотно - правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од 45 дена да достави информација во врска со заклучокот од точка 1.

## Точка 140

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки и условно ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки со следните заклучоци:

1. Во член 1 од текстот на Одлуката Министерството за економија да го усогласи бројот на тарифната ознака за луцерка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Во член 2 од текстот на Одлуката наместо ,,31 мај 2022 година“ да стои „15 мај 2022 година.

3. Министерството за економија да изврши усогласување на текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:00 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Тахир Хани**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Д-р. Артан Груби**